27.02.2023

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

До
НУ ЗЗСК и Музеј Охрид
Ул.Боро Шаин бр.10
Охрид

Бр. 03-658/3
21.02.2023 година
Скопје

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË ... TË KULTURËS ...

| Примено/E pranua 27.02.2023 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. Един. Njësia.Org. | | | |
| 13 | 284/1 | | |

**Предмет**: Достава на надлежност

Во прилог ви го доставуваме на надлежност и постапување , барањето на ( во врска со прашања кои се однесуваат на турскиот амам во Струга.

Со почит,

***В.Директор,***
Аријан Асланај

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА - MINISTRIA E KULTURËS
Управа за заштита на културното наследство - Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ - SHKUP

Во прилог :
Копија од барањето

Изработил:
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер-
Марија Пујаз


Управа за заштита на културнотонаследство
Directorate for protection of cultural heritage

ул. „Павел Шатев“ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

**contact@uzkn.gov.mk**

| | |
|---|---|
| **From:** | Slagjana Stojkova <slagjana.stojkova@mia.mk> |
| **Sent:** | Monday, February 13, 2023 14:24 |
| **To:** | contact@uzkn.gov.mk |
| **Subject:** | Барање информации за турскиот амам во Струга |

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20____ год.
Потпис,

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за култура - Ministria e Kulturës
Управа за заштита на културното наследство
Drejtoria e Mbrojtjes së Trashëgimisë Kulturore
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / E pranuar | 17 02 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njës. Org. | Број / Numer | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 | 658/1 | | |

Почитувани,

Потребни ми се информации за турскиот амам во Струга

- Кога бил изграден, до кога работел активно?
- Со каков материјал бил граден?
- Колку простории имал (на колкава површина се протега) и кои простории го сочинувале?
- Дали бил само за жени или и за мажи ?
- Како се снабдувал со вода и како се загревала водата?
- Постои ли план за негова реставрација во скоро време?

Секоја дополнителна информација од анведеното би ми била добредојдена

Однапред Ви благодарам

и, дописник за МИА од Струга

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

CENTRALEN ZAVOD ZA ZAŠTITUVANJE NA KULTURNITE
SPOMENICI I PRIRODNITE RETKOSTI
VO MAKEDONIJA

Br. 176

7.XII. 1954 god.

S K O P J E

Na osnova Zakonot za zaštita na spomenicite na kulturata i prirodnite retkosti (služben vesnik na N.R.M. br. 11od 15.IV.1948 g.) a vo vrska so čl.2 i čl.21 od Zakonot, na predlog na ~~Zavod za zaštita na kulturno-istoriski spomenici i prirodni retkosti na Narodna Republika Makedonija~~ Centralniot zavod za zaštita na kulturnite spomenici i prirodnite retkosti vo N.R. Makedonija go donesuva slednoto

R E Š E N I E

Se postavuva pod zaštita na Zakonot kulturno-istoriski-ot spomenik Turski amam [illegible]

mesnost Struga

Sopstvenost na državata

sostojba dobra

Ovoa rešenie vleguva vo sila od denot koga e vračeno na sopstvenikot.

Rešenieto e pravosilno
Nikola Kacavolu, s.r. M.P.

Direktor
M.P. Nikola Kacavolu, s.r.

Da e prepisot veren so originalot tvrdi:

Sekretar
JS Nikola Kacavolu

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД**

*НУ Завод и Музеј,ул. "Боро Шаин" бр. 10, П.фах.95, 6000 Охрид, Република Северна Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231302, Музејска зграда Робевци 267-173 ;e-mail: zimohrid@yahoo.com;*
***жиро сметки буџетска 11801100907560319и сопствена180100907578716***

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 03-284/2
09.03.2023
Охрид/Ohër

**До**

***ПРЕДМЕТ**: Доставување на информација*

***ВРСКА:** Доставa на надлежност бр. 03-658/3 од 21.02.2023 година (наш бр. 13-284/1 од 27.02.2023 година)*

**Почитувани,**

Со барање бр. 03-658/1 од 17.02.2023 година сте се обратиле до Управата за заштита на културно наследство - Скопје, а со цел добивање на информации за турскиот амам во Струга. Со оглед на тоа што НУ Завод и Музеј – Охрид со донесувањето на Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16) е надлежен за територијата на општина Струга, Вашето барање во оригинал е доставено до НУ Завод и Музеј – Охрид од страна на Управата за заштита на културно наследство - Скопје, на наше понатамошно постапување и надлежност - бр. 03-658/3 од 21.02.2023 година (наш бр. 13-284/1 од 27.02.2023 година).

Во насока на постапување по вашето барање, Ве известуваме за следното:

- Турскиот амам Мустафа Челеби во Струга бил изграден во првата половина на XV век. Не поседуваме податок до кој период активно работел.
- Изграден бил од традиционални материјали: камен, тула и варови малтери. Покривањето било изведено со стара ќерамида – каналица. Амамот Мустафа Челеби во Струга има стекнато својство споменик на културата со решение бр. 176 од 07.12.1954 година, заведен во Централен регистар на недвижни споменици на културата под бр. 406 и во Општинскиот регистар под бр. 7. Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата – Скопје, врз основа на член 216 на ЗОУП и член 34 од Законот за заштита на спомениците на културата (Сл. весник на РСМ бр. 24/73, 42/76 и сл. весник на РМ бр. 12/93) донесува Решение за дополнување на решението за утврдување својство споменик на културата за Мустафа Челеби амам во Струга бр. 08-707/11 од 30.12.2003 година во кое е дефинирано заштитеното подрачје, површината на

доброто, неговите граници и дозволени и недозволени интервенции на амамот.

- Објектот се протега на површина од 109 м2 и дворно место од 36 м2. По својата архитектонска концепција не се разликува од бројните единечни амами подигнати на територијата на Република Македонија во време на Османлиското владеење. И покрај својата оригиналност, амамот се уште не е третиран во стручната и научна јавност. Иако не се сочувани сите негови функционални делови, со својата архитектонска поставеност и едноставни, но впечатливи декоративни елементи присутни на влезните партии и обработката на курните (лавабоа), е единствен автентично сочуван објект од Османлискиот период во Струга.
- Со оглед на тоа што е единечен амам, а не чифте амам се претпоставува дека се користел и за мажи и за жени, меѓутоа во различни периоди. Не поседуваме точен податок дали се користел само за мажи или само за жени.
- Целокупната документација за амамот се наоѓа во НУ Национален конзерваторски центар бидејќи истиот до 2004 година беше надлежен за објектите на територијата на општина Струга. Во тек е постапка за добивање на целокупната документација за горенаведениот амам. По добивањето на целокупната документација ќе сме во можност да ви дадеме информација за начинот за снабдување со вода и принципот на загревање на водата.
- Иницијатива за реставрација на амамот постои уште од 2015 година, меѓутоа, до скоро време станувaше збор за нерасчистени имотно правни односи и поради тоа не можеше да се пристапи кон изработка на Елаборат за ревалоризација и изработка на проект за реставрација на истиот. Во моментов расчистена е сопственоста на амамот и обезбеден е пристап кон истиот и се надеваме дека со изработка на горенаведената документација ќе се отпочне во поскоро време.

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

----------------------------------------

в.д. Директор,

Катерина Велкоска

----------------------------------------

Izvadok od Zakonot za zaštita na spomenicite na kulturata i prirodnite retkosti:

Čl.1- Site nedvižimi i dvižimi kulturno-istoriski,umetnički etnografski spomenici kako i prirodnite retkosti od zoološki,botanički,geološki,paleontološki,mineraloško-topografski i geografski harakter ili od naročna ubavina vo N.R.M,bez ogled na tova vo čia sopstvenost i vo čii posed se naogaat,svojot pod zaštita na državata.

Naučnite i estetskite vrednosti na ovie predmeti se opštonarodno i dobro.

Čl.3 - Predmetite zaštiteni vo smisol na čl.1 od ovoj Zakon ne smeat bez dozvola od nadležniot organ da se raskopuat,odkopuat, prepravat,restavriraat,urivaat,doziduat,ureduvat,urnisuat,kršat, sečat,uništuat ili istrebuat.

Čl. 4 - Dokolku nekoj so kopane ili na sličen način najde predmeti zaštiteni pod čl.1 od ovoj Zakon,dolžen e toa vednaš da go prijavi na organot nadležen za zaštita,poradi prevzimani merki za zaštita.

Organot na zaštita ke mu dade na takov najduvač nagrada prema odredbite na pravilnikot,koj što ke go propiše Komitetot za Univerzitet,visoki školi i naučni ustanovi vo soglasnost so Ministerot na finansii.

Čl. 6 - Sopstvenici i drugi fizički lica ili pravni lica koi što postapuvajki protivno na čl.3 od ovoj Zakon prouzrokuat kakva šteta na zaštiteniot predmet,dolžni se za svoj trošok prema napatstvijata od nadležniot organ za zaštita,da ja uspostavat prvobitnata sostojba ili da ja naknadat štetata.

Vo slučaj na povtorno povreduvanje odredbite od čl.3 na ovoj Zakon ili na zlonamerno oštetuvanje na zaštiteniot predmet, kako i vo slučaj na nedozvoleno premestuene vo drugo mesto ili na obid da se zaštiteniot predmet izveze vo inostranstvo predmetot može so odluka na sudot da se odzeme od sopstvenikot bez nikakva naknada.

Čl. 7 - Vo granicite na direktno zaštitena nedvižnost i nejzinata okolina kaj što podleži na ograničenija od ovoj Zakon,se zabranue sekakva izgradba ili promena oblikot na terenot bez dozvola od nadležniot organ na zaštita.

Čl. - 11 - Zabraneto e sekoe stručno vnatrešno,fotografsko i ili filmsko snimanje,merene ili crtane na zaštiten podvižen,ili nepodvižen spomenik bez dozvola od organot nadležen za zaštita.

Čl. - 24 - Protiv site rešenija na zavodite za zaštita ke rešava vo vtor i posleden stepen komitetot za Univerzitet,visoki školi i naučni ustanovi.

Čl. 27 - Za povredi na propisite od čl.3,4,6,7,11,12 i 13 od ovoj Zakon učinitelot ke se kazni parično do 2.ooo dinari, a vo poteški slučai so popravitelna rabota od edna godina .

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата - Скопје, врз основа на член 216 на ЗОУП и член 34 од Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ" бр. 24/73, 42/76 и „Службен весник на РМ" бр. 12/93) донесува

08-707/11
30.12. 03

# РЕШЕНИЕ

за дополнување на решението за утврдување својство споменик на културата за Мустафа Челеби амам – Струга

1. Во Решението за утврдување својство споменик на културата на Мустафа Челеби амам – Струга, бр. 176 од 07.12.1954 година, се вршат следните дополнувања:

а) - Заштитеното подрачје го сочинува КП бр. 1116, КО Струга;

б) - Површина на доброто: под објект 109 $м^2$, двор 36 $м^2$ ;

в) - Граници на Мустафа Челеби амамот се: од север и исток КП 1115, од југ КП 1117 и од запад со КП 1118;

г) - Не се дозволуваат никакви промени во однос на просторната и функционалната организација на амамот. При интервенциите во ентериерот и на фасадите треба да се внимава да не се наруши неговата оригиналност.

Во дворното место на амамот не е дозволена изградба на нови станбени или стопански објекти со кои би се нарушила неговата автентичност.

2. Врз основа на ова решение се врши запишување на дополнувањата во: Општинскиот регистар на недвижни споменици на културата под бр. 7 и Централниот регистар на недвижни споменици на културата под рег. бр. 406.

3. Жалбата против ова решение не го задржува извршувањето на решението.

./.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Амамот Мустафа Челеби во Струга има стекнато својство споменик на културата со решение бр. 176 од 07.12.1954 година, заведен во Централниот регистар на недвижни споменици на културата под бр. 406 и во Општинскиот регистар под бр. 7.

Амамот Мустафа Челеби, иако во запуштена и лоша состојба, претставува значаен споменик на Османлиското градителство од првата половина на XV век.

По својата архитектонска концепција не се разликува од бројните единечни амами подигнати на територијата на Македонија во време на Османлиското владеење. И покрај својата оригиналност, амамот сѐ уште не е третиран во стручната и научна јавност. Тој, иако не се сочувани сите негови функционални делови, со својата архитектонска поставеност и едноставни но впечатливи декоративни елементи присутни на влезните партии и обработката на курните (лавабоа), е единствен автентично сочуван објект од Османлискиот период во Струга.

Поради наведенето е одлучено како во диспозитивот.

**Доставено до:**
- Совет на општина-Струга
- ДЗГР –Одделение за премер и катастар-Струга
- сопствениците
- досие
- архива

М.П.

**В.д. директор,**

*Јован Ристов*

Врз основа на ова решение е извршен упис на споменикот на културата во Регистарот на недвижни споменици на културата на подрачјето на општина Струга под регистарски бр. 7.

Скопје, 25.07.2003 год. М.П.

Уписот го извршил:

*Саша Крстевски*

Споменикот на културата е регистриран во Централниот регистар на недвижни споменици на културата на Р.Македонија под регистарски бр. 406.

Скопје, 25.07.2003 год. М.П.

Уписот го изврши:

*Гордана Иванова*